Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-707/1
05-06-2026 год. viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 9 став (1) алинеа 7 и член 14 став (12) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) и Предлогот доставен од членот известител **проф. д-р Тони Филипоски** бр.26-696/1 од 03.06.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 03.06.2026 година, донесе:

## ОДЛУКА

### за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Географија за VIII одделение во основно образование

1. СЕ ОДОБРУВА употреба на учебник по наставниот предмет Географија за VIII одделение во основно образование со шифра **27** од Друштвото за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје од авторите: Аце Миленковски, Дејан Наковски и Санела Тренова

2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука.Одлуката е извршна по нејзината конечност.

3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

### Образложение

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 23.09.2025 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебници во основно образование бр.26-1056/1 од 23.09.2025 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба во рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-49/33 од 26.01.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-3/1 од 28.01.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-49/39 од 28.01. 2026 година и допис бр.32-6/1 од 28.01.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-98/1 од 28.01.2026 година,шифрираните ракописи за учебник со шифра 27, шифра 28 и шифра 29, преку Педагошката служба ги достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошката служба со допис бр.26-49/40 од 28.01.2026 година шифрираните ракописи ги достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-170/28 од 17.02.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр. 26-49/53 од 18.02.2026 година, до Педагошката служба достави Стручно мислење за ракописите за учебник со шифра 27, шифра 28 и шифра 29 по наставниот предмет **Географија за VIII одделение во основно образование**.

Во мислењето е наведено дека за ракописите за учебник со шифра 28, шифра 29 не се дава позитивно стручно мислење поради што согласно член 14 став (8) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) постапката се прекинува. За ракописиот за учебник со шифра 27 се дава позитивно мислење и постапката продолжува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 11.03.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-352/1 од 23.03.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописот за учебник по наставниот предмет Географија за VIII одделение во основно образование.

На ден 25.03.2026 година еден од избраните рецезенти за стручно мислење доставил Изјава бр. 26-352/3 со која бара да биде изземен од рецезенската комисија.

На седницата одржана на ден 02.04.2026 година од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование е избран нов член на рецензентската комисија за што е донесено решение за измена на решението за формирање на рецезенска комисија со бр.26-352/10 од 16.04.2026 година.

На ден 07.04.2026 година два члена на Рецензентска комисија за стручно вреднување доставиле мислење на ракописот за учебник со бр.26-352/6 од во кое е наведено дека ракописот за учебник со шифра 27 ги исполнува критериумите и стардандите за современ учебник и предлагаат да се прифати и одобри за печатење и употреба како учебник. Според стручното мислење бр.26-352/9 од 07.04.2026 година кое е доставено од еден член од Рецензентска комисија ракописот со шифра 27 има долга листа на предходно наведени недостатоци меѓу кои има нагласена етничка и расна разноликост и смета дека ракописот за учебник не ги задоволува барањата од предвидените подрачја поради што не добива позитивно мислење и не треба да се најде во образовниот процес.

На ден 21.04.2026 година третиот член на Рецензентска комисија за стручно вреднување доставува мислења на ракописите за учебник со бр.26-652/13 од рецезентот проф.д-р Ресул Хамити во кое е наведено дека ракописот со шифра 27 треба да се внесат наведените забелешки во мислењето и по имплементација на истите се предлага да биде одобрен за употреба како учебник и дава позитивно мислење.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став (1) алинеа 4 и член 14 став (9) и (10) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 27.04.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-586/1 од 06.05.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-586/2 од 14.05.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи ракописот за учебник со шифра 27 по наставниот предмет **Географија за VIII одделение во основно образование**, врз основа на позитивното мислење од БРО и позитивното мислење од двата члена на Рецензентската комисија да го одобри

за печатење но претходно обврзувачки да се внесат забелешките од двата члена на Рецензентската комисија.

Педагошката служба со допис бр.26-49/76 од 19.05.2026 година се обрати до Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-1056/1 од 23.09.2025 со напомена истиот да биде делумно јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отварање.

Комисијатаза шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-73/2 од 19.05.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-49/77 од 19.05.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-2/1 од 28.01.2026 година со напомена дека во записникот податоците за ракописите за учебници чии шифри не се отвараат се покриени и не се јавно достапни.

По добивање на Записникот бр.32-2/1 од 28.01.2026 година Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-46/78 од 19.05.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет **Географија за VIII одделение во основно образование** од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование донесен е предлог за ракопис за учебник да биде одобрен ракописот за учебник со шифра 27, но по внесување на забелешките од Рецензентската комисија.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-2/1 од 28.01.2026 година на интернет страницата се констатира дека:

За ракописот за учебник **под шифра 27** се јавува Друштвото за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје, со авторите: Аце Миленковски, Дејан Наковски и Санела Тренова.

За ракописот за учебник **со шифра 28** се јавува Друштвото за промет и услуги ТРИМАКС ДОО Скопје, со авторот: Благоја Маркоски.

За ракописот за учебник **со шифра 29** се јавува Друштвото за издавачка дејност, производство, промет и услуги АЛБИ ДОО Скопје, со авторите: Владимир Златаноски, Коле Павлов и Христина Димеска Трајкова.

Педагошка служба со допис број 26-647/3 од 21.05.2026 година до издавачот ги достави забелешките од рецензентската комисија, со цел да се направат посочените корекции и истиот да може да ја продолжи процедурата за издавање и употреба.

Издавачката куќа со допис број 26-647/6 од 27.05.2026 година до Педагошка служба достави коригиран ракопис за учебник по наставниот предмет **Географија за VIII одделение во основно образование**.

Педагошката служба со допис број 26-647/9 од 28.05.2026 година, по електронски пат го достави корегираниот ракопис за учебник до членовите на Рецензентската комисија.

Два члена од Рецензентската комисија доставиле две посебни стручни мислења со бр.26-352/14 и 26-352/15 двете од 02.06.2026 година во кои е наведено дека и двата члена даваат позитивно мислење и предлагаат истиот да биде одобрен за понатамошна постапка. Членот на Рецензентската комисија кој и претходно доставни негативно мислење со допис бр.26-688/1 од 02.06.2026 година достави издвоено мислење во кое е наведено дека и коригираниот ракопис за учебник по наставниот предмет **Географија за VIII одделение во основно образование,со шифра 27 не ги задоволува барањата од предвидените подрачја и истиот не треба да биде дел од образованиот систем.**

На седницата одржана на 03.06.2026 година, членот известител со допис заведен под архивски бр.26-696/1 од 03.06.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи да се почитува мислењето на мнозинството од Рецензентската комисија и ракописот за учебник по наставниот предмет **Географија за VIII одделение во основно образование со шифра 27 од** да биде одобрен печатење и користење во наставата.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 03.06.2026година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**<u>Правна поука:</u>** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,
Проф.д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
Date: 2026.06.04 18:56:19 +02'00'

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавачи